# СИТЕ ЛИЦА
# КОИ СЕ ДЕЛ ОД ЛАБОРАТОРИЈА 217
# ИМААТ ОДГОВОРНОСТИ ЗА
# РАБОТНИОТ ПРОСТОР

## Правилник на однесување за студенти!

- Дојдете подготвени за работа - прочитајте ја задачата пред да започне вежбата!
- Работете тивко – почитувајте ја индивидуалната апликација на знаењето како и тимската соработка!
- Во лабораторијата е строго забрането внесување на храна и пијалак (освен шише вода).
- Забрането е острење на моливи или боички под/над клупа, оставање на хартија или било какви други отпадоци под/над клупите.
- Забрането придвижување, преместување или било какво друго манипулирање со микроскопите освен за време на изведување на вежбите.
- Должни сте да се грижите за своето работно место за време на вежбата според дадените упатства од асистентот.
- Пред да ја напуштите лабораторијата, од био-безбедносни причини, должни сте да оставите чист работен простор и да го вратите столчето под маса.

# 1. Правила за ракување со микроскоп!

- Микроскопот кој се наоѓа на крајот на масата го доближувате до потребното растојание, а по завршувањето на вежбата го враќате на истото место.
- По завршувањето на вежбите должни сте да ги поставите микроскопите на најмало зголемување, да ги прекриете со навлака и да ги вратите на крајот на масата.
- На почеток на вежбата е должни сте да го проверите микроскопот со кој работите и да пријавите доколку има недостатоци на истиот (недостасуваат делови и сл.).
- На останатите упатствата за ракување со микроскопите, кои ќе ги добиете од страна на асистентот, морате строго да се придржувате!

# 2. Правила за вежбите со дисекција!

- Најстрого се забранува оштетување на восокот во кадичките за дисекција (преку гребење со пинцети, забодување на големата игла од приборот за дисекција и сл.)
- Восокот од кадичките задолжително исплакнете го со вода на крајот од вежбата!
- Должности на студентот за приборот за дисекција:

- пред да започне дисекцијата пријавете некомплетен или оштетен прибор за дисекција!
- на крај од дисекцијата темелно исчистете го приборот за дисекција (со средство за садови) и вратете го во сува состојба!

- Остатоците од животински материјал (**БИО-ОТПАД**) задолжително фрлете ги **во посебна ќеса**!
- По завршувањето на дисекцијата пребришете го работното место и оставете го во чиста и сува состојба.